април 2013

# ИНФОРМАТОР #19

МЕД МЕЅ

## Годишно собрание на МЕД

На 12.03.2013 година, во хотел Порта во Скопје, се одржа Годишното собрание на МЕД. На Собранието беше презентирана работата на Друштвото за 2012 година со посебен осврт на IV Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество и одбележувањето на 40 години од постоењето на Друштвото.

Беше усвоен финансискиот извештај за минатата 2012 година, а потоа беше презентирана Програмата за работа на Друштвото за следната 2013 година.

Позначајните одлуки кои се донесоа на Собранието се однесуваат на промената на дел од членовите на Собранието, Претседателството на МЕД и раководителите на секциите:

- нов раководител на секцијата за геодиверзитет е д-р Валентина Стаменковиќ Славевска;
- нов раководител на секцијата шумска екологија е д-р Николчо Велкоски;
- нов раководител на секцијата агроекологија е д-р Среќко Ѓорѓиевски;
- Од редовите на студенти новиот член на Претседателството на МЕД е Даниела Јовановска.

Освен овие новоизбрани членови, во состав на Собранието, се вклучи и д-р Милица Ристовска како член на Надзорниот одбор на МЕД.



Формирана е Преспа нет стр. 2

Систематско истражување на балканскиот рис... стр. 3

Нова иницијатива за прекугранично заштитено подрачје „Шар Планина – Кораб“ стр. 4

Квалитативно истражување за искористувањето на... стр. 5

Шара – Програма за мали грантови стр. 5

14-та средба на ЦИЦ Координативниот форум за Централна и Источна Европа... стр. 6

Студија за валоризација со предлог за формирање заштитен предел на Осоговските Планини стр. 7

Како човекот може да наштети, но и да спаси живот! стр. 8

## Формирана е Преспа нет
### – мрежа на невладини организации од Албанија, Грција и Македонија кои во иднина заеднички ќе делуваат на заштитата и промоцијата на природното богатство на преспанскиот регион

Претставници на МЕД, Асоцијацијата за заштита и зачувување на природната животна средина во Албанија (ППНЕА), и Здружението за заштита на Преспа (СПП), на 29 март, 2013 година во грчкото село Лемос, ги поставија основите за идната мрежа за заштита на животната средина во преспанскиот регион наречена Преспа нет.

Официјално беше потпишан меѓуграничен договор за соработка со кој сите потписници се обврзаа дека идентично ќе делуваат од трите страни на целиот преспански регион, во насока на зачувување на неговото уникатно природно и културно наследство, истовремено промовирајќи го и социјално-економскиот развој.

Преспа нет заеднички активно ќе работи на пополнување на недостатоците од сите досегашни спроведени акции, преку здружени активности, засилена соработка на заинтересираните страни вклучени во менаџирањето на басенот на преспанските езера, подобриот проток на информации и одржливиот развој. Сите овие активности се содржани во годишна програма за работа на мрежата, која исто така опфаќа активности кон подобрување на комуникацијата преку размена на искуства, организирање и спроведување заеднички акции што ќе ги урнат границите и ќе го почитуваат единството на природата.



# Систематско истражување на балканскиот рис со фото – замки, Маврово 2013 година



Тимот за заштита на балканскиот рис од МЕД во соработка со вработените од ЈУ НП Маврово, ја започна третата систематска сесија на фото замки во Националниот парк „Маврово“. Истражувањето започна на 9 март и ќе трае точно 60 дена. Добиените резултати ќе овозможат да се одреди големината на популацијата на рисови во засега единственото подрачје во Македонија каде е потврдена репродукција на рисот и кое за жал претставува засега единствен познат извор на популацијата.

Добиените резултати понатаму ќе овозможат да се одреди и целокупниот број на популацијата на рисот во погодните живеалишта на југозападен Балкан. Од друга страна пак, споредбата на новодобиените резултати со оние од 2008 и 2010 година ќе го потврдат трендот на популацијата во паркот што ќе придонесе да се дознае нешто повеќе за критичниот статус на ова животно.

Досега, на половина пат од спроведување на сесијата, добиени се 28 фотографии од рис од осум различни локации во паркот. Анализата на добиените фотографии, укажува на постоење на најмалку 7 различни единки рис кои живеат на територијата.

Потврдено е присуство на срната, дивата коза и зајакот кои претставуваат главен плен на рисот. Нивното изобилие е од огромно значење за натамошниот опстанок на рисот не само во заштитените подрачја, туку и пошироко во регионот. Освен од овие видови, добиени се фотографии и од мечка, волк, лисица, дива свиња, јазовец, куни и други животни.

Тимот на МЕД е особено благодарен на помошта која ја пружаат вработените во ловочуварската служба на паркот, кои активно се вклучуваат во активностите, притоа несебично делејќи го своето знаење за присуството на рисот во паркот и искуство при одбирање погодни места за поставување на фото-замките. Во реализација на овогодинешното истражување, огромна е помошта која ја пружаат и волонтерите на МЕД.





euronatur KORA MAVA FONDATION POUR LA NATURE

# Нова иницијатива за прекугранично заштитено подрачје „Шар Планина – Кораб“

Од ноември 2012 година, МЕД се вклучи во реализација на проект кој се одвива на прекугранично ниво. Станува збор за едногодишен проект насловен како Идни развојни насоки на прекуграничното заштитено подрачје Шара/Шар Планина – Кораб (*Development of prospects for a transboundary protected area Sharr/Šar Planina-Korab*) во кој, како партнери, се вклучени по една невладина организација од трите земји што го делат засегнатото подрачје – Македонија, Албанија и Косово. Надворешен партнер на проектот е Еуронатур од Германија.

Активностите се претежно насочени кон заеднички средби на партнерите и засегнатите субјекти одбрани од трите земји – претставници од министерства, општини, еколошки невладини организации, планинарски клубови и други. Иницијалната средба се одржа во март 2013 година во Албанија, а по неа ќе следат уште две во Косово и Македонија.

Главниот производ од овој проект ќе биде заеднички изработен документ – визија за прекугранично заштитено подрачје „Шар Планина – Кораб“. Покрај ова, предвидено е да се реализираат и пилот проекти во секоја од земјите.

Реализацијата на проектот е поддржана од страна на Сојузното министерство за животна средина од Германија (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit -GIZ) и Еуронатур.

angelova@mes.org.mk







euronatur

Federal Ministry for the Environment, Nature Conservation and Nuclear Safety

## Квалитативно истражување за искористувањето на природните ресурси во Маврово и Шара

**МЕД спроведе квалитативно истражување во мавровскиот и шарпланинскиот регион како дел од втората фаза на проектот „Искористување на природните ресурси во Западен Балкан - значење, придобивки и недостатоци.“**

Во рамките на втората фаза од тригодишниот проект кој МЕД го спроведува во соработка со Норвешкиот институт за истражување на природата (NINA) спроведени се 12 квалитативни интервјуа (in depth interviews) со одбрани испитаници од селата во мавровскиот и шарпланинскиот регион.

Целта на ваквиот начин на истражување е да се добијат што подетални информации во врска со перцепцијата и искористувањето на природните ресурси од страна на луѓето што живеат во руралните планински средини.

Според тимот на проектот, квалитативните интервјуа значително ќе го зборатат собраниот материјал односно податоците добиени од квантитативното истражување спроведено во 2011 година. Исто така, се очекува истражувањето да даде одговор за дел од проблемите и конфликтите коишто настануваат поради премало или прекумерно искористување на природните ресурси.

Финалните анализи од истражувањата од двете фази ќе бидат претставени во форма на научни трудови.

NINA
Norwegian Institute for Nature Research

pandurska@mes.org.mk

## Шара – Програма за мали грантови



Активностите од проектот „Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и вклучување на засегнатите страни“ се во завршна фаза. Вкупно 20 успешни мали проекти беа реализирани за време на овој проект. Оваа активност беше всушност и главната алатка за исполнување на целта на проектот. Локалното население се здоби со една појасна слика за тоа што сѐ го опкружува и за тоа колку регионот на Шара е богат со природни убавини. Со цел уште повеќе да се промовира регионот на Шар Планина, во тек е изработка на брошура во која ќе се опфатат добрите практики од имплементација на малите проекти. Брошурата е предвидено да биде испечатена на три јазици - македонски, албански и англиски јазик, со цел да има поголема читаност.

Во тек е подготовка на работилницата „Придобивките од заштитено подрачје“ која ќе се одржи во наредниот период и која има за цел да ги собере сите релевантни невладини организации од регионот кои работат на заштита на природа и да им ги презентира сценаријата за живот во и околу заштитено подрачје планирано за овој регион. Исто така, оваа работилница на интерактивен начин ќе ги демонстрира начините на апликација и изработка на предлог проекти за заштита на природата, како и пронаоѓање на соодветни фондации за аплицирање.

Завршниот настан од овој проект ќе се одржи на Попова Шапка на крајот на мај 2013 година. Планирано е да се поканат сите координатори на успешно спроведените мали проекти и јавно да се презентираат нивните резултати. Гости на овој настан ќе бидат и претставниците на германската организација Еуронатур и финансиерите на овој проект, германската фондација ДБУ.

melovskid@mes.org.mk

DBU
Deutsche Bundesstiftung Umwelt

# 14-та средба на ЦИЦ Координативниот форум за Централна и Источна Европа

## Работилница - Заштита на балканскиот рис и одржливо ловство со ловен туризам!




МЕД и Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, заедно со Меѓународниот совет за ловство и зачувување на дивиот свет (The International Council for Game and Wildlife Conservation CIC) во периодот 28 февруари – 2 март 2013 година, во Скопје ја реализираа 14-тата средба на Координативниот форум на ЦИЦ за Централна и Источна Европа (CIC Coordination Forum for Central Eastern Europe).

На работилницата присуствуваа национални делегации од 17 држави од Централна и Источна Европа, експерти од Норвешка, Швајцарија, Финска, како и претставници од FACE, UNDP, European Commission, DG Environment, Directorate B - Nature, Biodiversity and Land Use, Канцеларијата на Европската Унија во Скопје и претставници од амбасади во Република Македонија.

Главни теми за дискусија беа заштитата на балканскиот рис и одржливото ловство со ловен туризам, односно целта на средбата беше членовите на Меѓународниот совет (CIC) да се запознаат со:

- критичната состојба на балканскиот рис и потребата за негова заштита, како и
- придобивките од одржливиот ловен туризам и негова имплементација во земјите од Југоисточна Европа.



Работилницата се спроведе во две сесии преку презентирање резултати од соодветни спроведени истражувања и состојби во земјите на Балканот и пошироко во Европа, дискусии за состојбата на популациите на рисот, како и за значењето и важноста на одржливиот ловен туризам во истите подрачја.

Краен производ од дводневната работа беше изработената декларација во која се поставени главните пораки и насоки за зачувување на постојната популација на балканскиот рис и имплементацијата на одржливиот ловен туризам, кој ќе води кон заштитата на рисот. За исполнување на поставените цели е формирана Зелена алијанса со Управен одбор составен од пет члена, кои во иднина заеднички ќе дејствуваат во оваа насока.

arsovska@mes.org.mk

## Студија за валоризација со предлог за формирање заштитен предел на Осоговските Планини

Петгодишната интензивна работа на проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас“ резултираше со креирање и публикување на „Студија за валоризација со предлог за формирање заштитен предел на Осоговските Планини“, која беше подготвена според Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, бр. 67/04) и Правилникот за содржина на студија за валоризација или ревалоризација на заштитено подрачје (Службен весник на Република Македонија бр. 07-471/3). Во неа се содржани основните информации за значењето на природните, социјалните и културните вредности, потребата за воспоставување заштитено подрачје на регионот, потоа, описот на предложеното подрачје за заштита, неговите предлог граници и моделите за можниот начин на идното управување доколку истото се воспостави.

Студијата беше доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, на 1 февруари 2013 година и по тој повод, беше одржана јавна трибина, на која присутвуваа најголем дел од клучните страни. Јавната трибина ја отворија заменик министерот за животна средина и просторно планирање, м-р Стево Темелковски и претседателот на МЕД, д-р Љупчо Меловски. Од особено значење беше поддршката што ја покажаа претставниците од невладиниот сектор, како и големата заинтересираност на медиумите за овој настан. Трибината заврши со пригодна традиционална закуска, подготвена од осоговските домаќинки.

И покрај тоа што процесот е предаден во рацете на надлежните институци, МЕД продолжува и понатаму да делува. Во наредниот период, планирани се активности за следење на целни видови (крупни месојадни животни) на Осогово, во кои активно ќе се вклучат и претставници од шумските стопанства и ловните друштва од регионот. Освен оваа активност, годинава МЕД и локалното население ќе ја подготвува апликацијата за номинирање на биосферен резерват на Осогово.

pro natura

FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY



kitanova@mes.org.mk





# Како човекот може да наштети, но и да спаси живот! Успешно спасување на единка од видот златен орел!







На 30 јануари 2013 година, во близината на прилепското село Витолиште, од страна на локалното население беше пронајдена единка од видот златен орел *(Aquila chrysaetos)* во многу тешка здравствена состојба. По неколку дена птицата беше донесена во Скопје каде, членови на Друштвото за заштита на бувовите во Република Македонија - Macedonian Owl Trust (MOT) заедно со членови од МЕД и други ентузијасти, продолжија да се грижат и помагаат во нејзиното заздравување. Првичните прегледи покажаа дека птицата има сериозно труење со олово и оштетување на нервните завршетоци, особено во делот со канџите. Бидејќи не беа пронајдени оловни сачми во птицата се претпоставува дека таа ги има проголтано и по извесно време исфрлено од телото. Ваквите резултати најчесто значат смрт за птицата.

Во лекувањето на птицата, дополнително беа вклучени и лекари - ветеринари од Македонија, Бугарија и Грција. По повеќенеделно лекување, анализите на крвта на птицата покажаа отсуство на олово, но проблемите со канџите сеуште не беа премостени. Првите знаци на подобрување беа забележани дури по два месеца благодарение на неуморните напори од страна на членовите на МОТ. Едногодишната женка претставник на видот златен орел ја поврати контролата над канџите за време на нејзиниот престој во посебен кафез во Зоолошката градина во Скопје, каде продолжи самостојно да се исхранува.

На 17 април, оваа женка успешно беше пуштена на слобода. Денес таа самостојно лови и продолжува да се опоравува во дивина.




MACEDONIAN owl TRUST

Бул. Кузман Јосифовски-Питу бр. 28/3-7, 1000 Скопје, тел: 02 2402 773, факс: 02 2402 774
contact@mes.org.mk www.mes.org.mk